UDC: 343.244.01
343.244(497.7)

# THE APPLICATION OF THE ALTERNATIVE MEASURE COMMUNITY SERVICE ORDER AS AN ALTERNATIVE TO SHORT PRISON SENTENCES IN THE SUPPRESSION OF LESS SERIOUS CRIMES

**Jovanov Ilija**
PhD student, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje
Iustinianus Primus Faculty of Law, Skopje
ilija_jovanov@yahoo.com

**Abstract**

The subject of research in this paper is the application of the alternative measure of community service order as an alternative to short prison sentences in the suppression of less serious crimes. The paper will analyze community service order, with a brief review of its beginnings in European legislation as well as its norming in the Macedonian legislation. Bearing in mind that the prison crisis is a reality, faced with the large number of imposed short prison sentences and the challenge of dealing with prison overcrowding, we are tempted to find suitable alternatives to imprisonment that would fully achieve the goals of punishment. It is the alternative measure of community service order that has numerous advantages over short prison sentences; above all, it is cheaper than a prison sentence, it protects the community from further criminalization, and its originality is that allows the community to be actively involved in the implementation of the measure. The purpose of the paper is to show the usefulness of the application of the alternative measure of community service that is fully performed in the community and has a positive effect on the perpetrator of the crime, who would not cut off his social contacts and feel rejected during the execution of this measure, as well as on the community, which would be actively involved with the help and support of the offender and his proper reintegration into the community.

***Keywords:*** *alternative measures, community service order, short prison sentences, criminality*

# ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВНАТА МЕРКА ОПШТОКОРИСНА РАБОТА КАКО АЛТЕРНАТИВА ЗА КРАТКИТЕ КАЗНИ ЗАТВОР ВО СУЗБИВАЊЕТО НА ПОЛЕСНИТЕ ОБЛИЦИ НА КРИМИНАЛИТЕТ

**Јованов Илија**
Докторанд, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје
Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје
ilija_jovanov@yahoo.com

**Апстракт**

Предмет на истражување во овој труд е примената на алтернативната мерка општокорисна работа како алтернатива за кратките казни затвор во сузбивањето на полесните облици на криминалитет. Во трудот ќе биде анализирана општокорисната работа, со краток осврт врз нејзините зачетоци во европското законодавство, како и нејзината нормираност во македонското законодавство. Имајќи предвид дека кризата на затворот е реалност, соочени со големиот број на изречени кратки казни лишување од слобода, исправени пред предизвикот за справување со затворската пренатрупаност, ставени сме пред искушение да изнајдеме соодветни алтернативи на казната затвор со кои потполно би се постигнале целите на казнувањето. Токму алтернативната мерка општокорисна работа има многубројни предности во однос на кратките казни затвор, пред сè, истата е поевтина од казната затвор, со истата се заштитува заедницата од натамошна криминализација, а нејзината оригиналност е што овозможува заедницата активно

да се вклучи во извршувањето на мерката. Целта на трудот е да ја прикаже корисноста од примената на алтернативната мерка општокорисна работа што во целост се извршува во заедницата и има позитивно дејство како врз сторителот на кривичното дело кој при извршувањето на оваа мерка не би ги прекинал своите социјални контакти и не би се чувствувал отфрлен, така и врз заедницата која активно би се вклучила со помош и поддршка на сторителот и негово правилно реинтегрирање во заедницата.

***Клучни зборови:*** *алтернативни мерки, општокорисна работа, кратки казни затвор, криминалитет.*

## Вовед

Општокорисната работа е алтернативна мерка од понов датум. Имено, таа во нејзиниот современ облик за прв пат е воведена во англиското кривично законодавство со *Criminal justice act* од 1972 година. Сепак, се смета дека нејзиниот зародиш датира од многу поодамна (уште во XVI и XVII век), кога во Англија и Саксонија се применувала како самостојна санкција спрема ситни крадци, скитници, питачи итн., или, пак, како супститут на паричната казна спрема лицата кои не сакале или не можеле да ја платат. (Каневчев, 2017)

Општокорисната работа во Соединетите Американски Држави датира од крајот на шеесеттите години на XX век, кога во пресрет на растечката стапка на криминалитет, биле воспоставени голем број на програми за општествено корисна работа за да служат како алтернатива на казната затвор во случаите кога станувало збор за ненасилен криминалитет.

Иако модерниот развој на оваа санкција се поврзува за нејзиното прифаќање во казненото законодавство на Англија од 1972 година, историски погледнато наметнувањето работа како казнена санкција постоело уште многу одамна. Работната казна (*Arbeitsstrafe*) била позната уште во XVII век, кога таа му се наметнувала на лицето што не можело да ја исплати паричната казна. (Лажетиќ-Бужаровска, 2003)

Нешто подоцна, примерот на Англија го следат и низа други европски држави, така што општокорисната работа како самостојна, односно како заменска санкција (или, пак, како дополнителен услов или во комбинација со друг вид казна) денес е предвидена во законодавствата на Данска, Ирска, Португалија, Норвешка, Луксембург, Чешка, Финска, Шпанија, Холандија, Хрватска, Словенија итн. (Лажетиќ-Бужаровска, 2003)

Во Швајцарија обврската за вршење некаква работа успешно се применува во голем обем од 1974 година. Покрај тоа, од мај 1990 година во одделни кантони постои можност, краткотрајните казни лишување од слобода до 30 дена да се извршуваат во вид на општокорисна работа. (Кајзер, 1996)

Денес можеме да констатираме дека алтернативната мерка општокорисна работа е нормирана во голем број од законодавствата во светски рамки, што доволно говори за нејзината оправданост, примена и цели кои ги постигнува.

## 1. Поим и правна природа на општокорисната работа

Општокорисната работа (*community service*, работи во корист на заедницата) е *алтернативна мерка* што се состои во *задолжителна неплатена работа определен број часови во слободното време на сторителот во корист на заедницата*. (Камбовски, 2011)

Оваа алтернативна мерка претставува форма на казнување која е наменета да биде од корист на општествената заедница што е оштетена со сторувањето на казнено дело од страна на сторителот.

Општокорисната работа можеме да ја дефинираме како *алтернативна мерка наменета за сторители на казнени дела од полесен вид и чии персонални карактеристики дозволуваат истите да останат во заедницата по стореното казнено дело, каде со нивна согласност би ја извршувале општокорисната работа, при што им се утврдува извршување на неплатена*

*работа кај непрофитни организации, органи на државната управа или претпријатија и јавни установи кои вршат дејност од јавен интерес.*

Самиот факт дека е потребна согласност на осуденото лице за работен ангажман на слобода, говори за доброволно учество на тоа лице во извршувањето на општокорисната работа. Со тоа се нагласува превентивната, односно ресоцијализирачката природа на оваа алтернативна мерка, како и вклученоста на општествената заедница во мерките на помош и надзор над осуденото лице. Сето ова создава реални претпоставки за одбегнување на кратките казни затвор доколку правилно се применува општокорисната работа.

Оваа алтернативна мерка се изрекува кога постојат точно детерминирани услови и околности со цел да се овозможи нејзино правилно извршување, како и да се постигнат очекуваните резултати од истата.

Меѓу потребните услови се тежината на кривичното дело, бројот на работните часови што го претставуваат нејзиното минимално односно максимално траење, околностите врзани за личноста и состојбата на сторителот, како и неговата согласност. (Лажетиќ-Бужаровска, 2003)

Тежината на стореното казнено дело е одлучувачкиот фактот од кој зависи дали може да се изрече алтернативната мерка, но нејзината содржина и траењето мора да се определуваат според личноста на сторителот на казненото дело, неговата семејна состојба, фактот дали сторителот е вработен или не, како и изразената согласност од негова страна за вршење на општокорисна работа.

Во однос на бројот на работните часови што го претставуваат нејзиното минимално, односно максимално траење, мораме да истакнеме дека е потребно да се обезбеди сразмерност помеѓу казната затвор што му се заканувала на сторителот за извршеното казнено дело и бројот на работни часови што го претставуваат траењето на општокорисната работа. Целта е да се обезбеди поголема праведност при казнувањето на различни сторители на казнени дела, имајќи ги предвид околностите под кои е извршено самото казнено дело, како и индивидуалните карактеристики на сторителот на истото.

Согласноста од сторителот на казненото дело е еден од суштинските елементи на општокорисната работа без чие постоење не може да се изрече, ниту да се примени оваа мерка спрема виновен сторител на казнено дело. Ова е така поради самата суштина на оваа алтернативна мерка од која произлегува дека истата може да има успех само ако сторителот на казненото дело е свесен за предностите и е согласен да се придржува кон поставените услови и наметнатите ограничувања при извршувањето на алтернативната мерка. За да може од сторителот на казненото дело да се добие недвосмислена согласност, неопходно е претходно истиот да се запознае со смислата, ефектите и последиците од дадената согласност за вршење на општокорисна работа.

Како проблем се јавува прашањето за тоа кој ќе се грижи за нејзиното спроведување, кој ќе врши контрола и надзор и ќе биде одговорен за правилното исполнување на работните задачи. Најчесто овластувањата во однос на општокорисната работа се во рацете на пробациската служба чии вработени се остручуваат за имплементација на општокорисната работа. (Лажетиќ-Бужаровска, 2003)

Важен е и ставот на јавноста во однос на оваа санкција. Ова можеби повеќе е проблем за креаторите на казнената политика кои мора првин да создадат погодно милје врз кое ќе се заснова примената на општокорисната работа. Јавноста мора постојано да се информира за новините во казнената политика, предностите што тие ги имаат и кон какви ефекти водат. Меѓутоа, недоволно информираната јавност обично покажува отпор кон примената на оваа санкција што го отежнува нејзиното правилно извршување. (Лажетиќ-Бужаровска, 2003)

## 2. Местото на општокорисната работа во казнениот систем

Интересно е местото за кое општокорисната работа се изборила во одделни законодавства. Таа во најголемиот дел од нив е законски регулирана како самостојна и независна казна, со честа примена и богата практика. Во некои случаи забележуваме нејзино регулирање само како заменска казна за казната затвор, при што првин се одмерува и изрекува казна затвор, а потоа, доколку се исполнети определени услови и доколку постои согласност од осуденото

лице, затворот може да се претвори во општокорисна работа. Значи, се работи за казна што нема самостоен карактер и најчесто самите одредби што ја регулираат носат назив замена за казната затвор и се поместени помеѓу одредбите за затвор и парична казна. (Лажетиќ-Бужаровска, 2003)

Имено, местото на оваа мерка, во голема мера, зависи од националната јурисдикција.

Од патот по кој минала општокорисната работа кон своето осамостојување се забележува дека во голем број држави првин се започнало со експериментирање кое во некои случаи било долгогодишно и дури потоа нашла свое место во законодавството. (Лажетиќ-Бужаровска, 2003)

Мораме да истакнеме дека иако постојат многубројни форми на општокорисна работа кои можат да бидат од корист за општествената заедница, сепак мора да постои директна врска помеѓу општокорисната работа и извршеното казнено дело. Така, на пример, напуштени се оние форми на општокорисна работа во кои се инволвирани јавни организации кои немаат никаква поврзаност со сторителот на казненото дело или со самото казнено дело.

## 3. Општокорисната работа во македонското законодавство

Општокорисната работа во македонското казнено законодавство е воведена со реформата на македонскиот Кривичен законик од 2004 година[39].

Суштината на оваа алтернативна мерка е да се одбегне казнувањето и призонацијата на сторителот, така што ќе се обврзе во слободното време и со негова согласност бесплатно да одработи определен број часови во полза на заедницата. На тој начин тој се подложува на специфичен работен третман на слобода, без притоа да се прекинат врските со социјалната средина (семејството, пријателите, роднините, колегите од работа итн.), со што едновремено се избегнуваат бројните негативни консеквенции од неговата изолација во затворска установа. (Марјановиќ & Каневчев, 2016)

По својата суштина алтернативната мерка општокорисна работа се смета за алтернатива, пред сѐ, на кратките казни затвор, бидејќи тие се надоврзуваат на полесните казнени дела, како и на првопрестапниците.

Општокорисната работа се изрекува како казна откако ќе се утврди дека се исполнети потребните услови во однос на тежината на кривичното дело, затворската казна што се заканувала, се добила согласност од сторителот, се утврдило соодветното место каде што ќе се врши неплатената работа и притоа се пристапува кон нејзино конкретно спроведување. (Лажетиќ-Бужаровска, 2003)

Македонскиот *Кривичен законик*[40] (во натамошниот текст: КЗ) пропишува дека мерката општокорисна работа може да се примени како самостојна или како заменска санкција.

Имено, согласно член 58-б став 1 од КЗ, за кривични дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до три години судот може, со согласност на сторителот, да му изрече мерка на општокорисна работа на слобода, ако делото е сторено под олеснувачки околности, а сторителот порано не бил осудуван.

Согласно став 2 од истиот член, мерката се изрекува во траење од 40 до 240 часа, што осудениот е обврзан да ги одработи без надоместок во државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или хуманитарна организација, и не пократко од пет часа неделно, во период најмногу до 12 месеци. Кога постојат здравствени или оправдани лични и семејни причини судот може да го продолжи извршувањето на мерката најмногу уште за шест месеци.

Со овие законски услови е определен *основниот облик* на оваа алтернативна мерка, за која се битни: тежината на стореното казнено дело, поранешната неосудуваност на сторителот, согласноста на сторителот за вршење на општокорисна работа и извршувањето на неплатена работа во слободното време на сторителот, чиешто времетраење го определува судот во законски пропишаните граници.

[39] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на РМ" бр. 19/04).
[40] Кривичен законик („Службен весник на РМ" бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 36/2023 и 188/2023).

По примерот на кривичните законодавства во низа европски држави (Финска, Шпанија, Холандија, Словенија, Хрватска итн.), нашиот КЗ ја предвидува можноста општокорисната работа да се примени и како заменска санкција за изречена парична казна или казна затвор. (Марјановиќ & Каневчев, 2016)

Имено, покрај основниот облик на оваа алтернативна мерка, КЗ пропишува дека општокорисната работа може да се примени како *заменска мерка* за изречена парична казна или казна затвор (член 58-б став 3). Согласно одредбата од овој став, кога судот ќе изрече парична казна до 90 дневни глоби или 1.800 евра во денарска противвредност или казна затвор до три месеци, може истовремено да одлучи, по барање на осудениот, за замена на казната со општокорисна работа, при што еден ден затвор, дневна глоба или 20 евра во денарска противвредност се заменуваат со три часа општокорисна работа со тоа што вкупниот збир на часови не може да надмине 240 часа. При одлучувањето за замена на казната со мерката на општокорисна работа судот ќе ја земе предвид тежината на делото, степенот на кривичната одговорност, поранешната неосудуваност на сторителот и извршеното надоместување на штетата или отстранување на другите штетни последици на делото.

Функција на заменската мерка е одбегнување на извршување на казната, нејзино одработување со работен третман на слобода, со тоа што заменетата казна лебди како постојано застрашување врз сторителот дека може да биде извршена ако не ги исполнува наложените работни обврски. (Камбовски, 2011)

Смислата на оваа мерка, како *санкција во заедницата*, е државните органи, јавни претпријатија и други институции во кои осудениот треба да работи, да ја преземат сета грижа, помош и надзор над него во периодот на работниот третман. (Камбовски, 2011)

Со оглед на тоа што општокорисната работа претставува *судска алтернатива*, следува дека надзорот над исполнувањето на обврските од страна на осуденото лице е во надлежност на судот. Па така, согласно член 58-б став 4 од КЗ, надзор над исполнувањето на обврските на осудениот врши надлежен орган согласно закон.

Надзорот се однесува на исполнувањето на работните обврски на осуденото лице, а кои се определени со оваа алтернативна мерка и во вршењето на надзорот судот може да донесе два вида одлуки: за *модифицирање на мерката* и за *замена на општокорисната работа со парична казна или со казна затвор*. Имено, во член 58-б став 5 од КЗ е предвидено дека ако осудениот не ги исполнува или неуредно ги исполнува своите работни обврски, надлежниот орган согласно со закон писмено го опоменува, а ако тој продолжи со таквото однесување судот по предлог на надлежниот орган согласно со закон ќе го замени неизвршениот дел од мерката со парична казна или казна затвор, така што, за секои три часа општокорисна работа се засметува една дневна глоба или еден ден затвор. При одлучувањето за замената со парична казна или казна затвор судот ќе се раководи од тежината на делото, степенот на кривичната одговорност и односот на осудениот кон изречената мерка на општокорисна работа.

Согласно член 58-б став 6 од КЗ, ако осудениот не ја извршува општокорисната работа, изречена како замена за паричната казна или казната затвор (од ставот 3), судот донесува одлука за извршување на изречената казна. Работната обврска што сторителот ја исполнил се засметува во казната, при што за секои три часа општокорисна работа се засметува еден ден затвор или една дневна глоба или 20 евра во денарска противвредност.

Согласно одредбите од член 17 од *Законот за пробација*[41] (во понатамошниот текст: ЗП), правосилната и извршна одлука со која е изречена општокорисна работа, судот во рок од 15 дена од денот кога одлуката станала извршна ја доставува до месно надлежната пробациска канцеларија и организационата единица во Управата која ги врши пробациските работи. За одлуката со која е изречена општокорисна работа, месно надлежната пробациска канцеларија ги известува Центарот за социјална работа, Агенцијата за вработување, Министерството за внатрешни работи и работодавачот кај кој осуденото лице е во работен однос.

КЗ таксативно ги набројува органите и организациите во кои може да се организира општокорисна работа: државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или хуманитарна организација, а Законот за пробација (чл. 19 ст. 1) предвидува можност таа да се извршува и во

[41] Закон за пробација („Службен весник на Република Македонија" бр. 226/2015).

единици на локалната самоуправа, како и во други правни субјекти кои вршат дејност во која може да се оствари нејзината цел. Бидејќи станува збор за извршување на санкција, овде е вклучено и Министерството за правда, преку Управата за извршување на санкции. (Каневчев, 2017)

Во член 22 став 1 од Законот за пробација е пропишано дека осуденото лице до надлежниот судија за извршување на санкции може да поднесе молба со соодветни докази привремено да му се прекине извршувањето на општокорисната работа во случај на: акутна болест; ненадејна тешка болест или смрт на член на потесното семејство, согласно со одредбите со кои се регулираат прашањата од областа на семејното право; бременост или родителство до навршување една година старост на детето, како и во случај на извршување на итни работи предизвикани од елементарни непогоди со што би се спречило настанување на значителна материјална штета.

Во член 22 став 2 од ЗП е пропишано дека по молбата за прекин, поднесена од осуденото лице, судијата за извршување на санкции одлучува во рок од осум дена од приемот на молбата, по претходно прибавено мислење од надлежен јавен обвинител.

Согласно член 22 став 3 од ЗП, осуденото лице на кое му е одобрен прекин на извршувањето на општокорисната работа од причини наведени во ставот 1 алинеја 1 е должно секој месец да доставува потврда за неговата здравствена состојба до судијата за извршување на санкциите. Надлежниот судија за извршување на санкциите ќе ја отповика одлуката за прекин за извршување на општокорисна работа доколку се утврди дека причините поради кои е одобрен прекинот престанале да постојат или осуденото лице го користи спротивно на целта заради која е определен.

Во одредбите од член 22 ставови 4, 5, 6 и 7 од ЗП е пропишано дека предлог за отповикување на решението може да поднесе и надлежниот јавен обвинител. Решението од член 22 став 2 од ЗП се доставува до осуденото лице, надлежниот јавен обвинител, месно надлежната пробациска канцеларија и правниот субјект кај кој осуденото лице ја извршува општокорисната работа. Против решението на судијата за извршување на санкции, осуденото лице и надлежниот јавен обвинител имаат право на жалба до кривичниот совет на судот надлежен за извршување на санкцијата во рок од три дена од приемот на решението. Во случај на прекин на извршувањето на општокорисната работа, времето на прекин не се засметува во вкупното време определено за извршувањето на општокорисната работа.

Законот за пробација во член 23 предвидува дека ако осуденото лице не ги исполнува или грубо ги занемарува своите работни обврски, правниот субјект е должен најдоцна во рок од три дена од дознавањето за неисполнувањето на обврските или грубото занемарување на работните обврски, да ја извести месно надлежната пробациска канцеларија. Ако месно надлежната пробациска канцеларија утврди дека осуденото лице не ги исполнува или грубо ги занемарува своите работни обврски го повикува осуденото лице на разговор и го опоменува, а за тоа веднаш ќе го извести судот кој ја донел одлуката во прв степен. Ако осудениот и по писмената опомена продолжи со таквото однесување, месно надлежната пробациска канцеларија ќе му предложи на судот да го замени неизвршениот дел од мерката со парична казна или казна затвор, така што за секои три часа општокорисна работа се засметува една дневна глоба или еден ден затвор. Ако осудениот не ја извршува општокорисната работа изречена како замена за паричната казна или казната затвор, месно надлежната пробациска канцеларија ќе му предложи на судот да донесе одлука за извршување на изречената казна.

Согласно член 24 од ЗП, за време на извршувањето на општокорисната работа месно надлежната пробациска канцеларија поднесува извештај до судот кој ја донел одлуката во прв степен два пати, од кои еден извештај на половина од извршувањето на општокорисната работа и вториот извештај најдоцна во рок од 15 дена од денот на извршувањето на општокорисната работа. Месно надлежната пробациска канцеларија го поднесува извештајот и по барање на судот.

## 4. Предности и недостатоци на општокорисната работа

Теоретски, има придобивки од примената на општокорисната работа во контекст на казнената правда: таа ги задоволува двојните барања да биде и ресторативна (бара од поединецот

да ѝ надомести на јавноста за предизвиканата штета) и ефикасна (намалување на финансиските трошоци поврзани со традиционалните казни, како што е затворот). Практиката, исто така, има потенцијал да биде помалку оптоварувачка за обвинетите отколку повеќе традиционалните резолуции на случаи, со намалување на долгот за казнена правда поврзан со казни и такси или замена на затворањето со алтернатива заснована на заедницата. Во исто време, малку е познато за санкциите за општокорисна работа, вклучувајќи го и степенот до кој општокорисната работа во моментов се користи како алтернатива на затворањето или паричните санкции, како и дали казните за општокорисна работа доведуваат до подобри резултати за осудените (на пример, намален рецидивизам, опаѓачки колатерални последици, подобрени перцепции за правда) или за заедниците (на пример, реставрација на јавни простори). (Picard, Tallon, Lowry, & Kralstein, 2019)

Останувањето на слобода, задржувањето на работниот однос, можноста да се прилагоди видот на работата според тежината на делото и психофизичките својства на личност се неспорни предности на оваа алтернативна казна. Кон тоа се истакнува дека со нејзина примена се остварува обештетување на заедницата, се смалува затворската популација и проблемите што оттаму произлегуваат, како и тоа дека не создава материјални тешкотии кај оние за кои паричната казна претставува голем товар. (Сулејманов, 2001)

Казнената политика на многу судови бележи зголемување на изречените парични казни, без оглед на способноста на осуденото лице истата да ја плати, па практиката забележува акумулација на парични казни, но и судски такси, кои се непропорционални со тежината на стореното казнено дело. Воедно, за неплаќање на паричните казни, законодавецот предвидел можност истите да се заменат со ефективна казна затвор, што е контрадикторно и од аспект на тежината на извршеното казнено дело. Имено, доколку судот сметал дека за стореното казнено дело треба на сторителот да му се изрече ефективна казна затвор, таква казна и ќе била изречена. Со евентуалната замена на неплатената парична казна со ефективна казна затвор, се остава простор за зголемување на бројот на краткотрајни казни затвор. Како одговор на зачестеното изрекување на парични казни, општокорисната работа се чини дека е логична алтернативна мерка, особено за поединци кои би можеле да ја „одработат" својата санкција за стореното казнено дело.

Освен трошочните аспекти, во прилог на општокорисната работа како алтернативна главна казна зборува и можноста од комбинирање на различните цели на казнувањето, што на овој начин може да бидат остварени: казненото зло за сторителот се состои во одземање на слободното време, што во денешното општество сѐ повеќе се цени; обесштетувањето се врши преку социјална работа за општеството; ресоцијализацијата на сторителот се олеснува со тоа што зафатов не ги нарушува неговите социјални контакти, а се унапредува со тоа што тој преку работата се учи на константно трудово поведение, го развива чувството на социјална одговорност и сѐ повеќе се здобива со самодоверба. (Кајзер, 1996)

Во теоријата, некои автори наведуваат дека „оваа казна има еклатантни недостатоци". (Сулејманов, 2001)

Меѓу нив секако дека на прво место треба да се истакне дека кај оваа санкција во основа се работи за присилна работа што е во спротивност со меѓународните конвенции за правата на човекот кои забрануваат каква и да е присилна работа. (Сулејманов, 2001)

Не е безначаен и приговорот дека тешко може да се најдат и успешно да се организираат јавни работи каде што може да дојде до вистински израз суштината на оваа мерка (казна). Меѓутоа, и тогаш кога овој проблем би бил успешно решен се поставува прашањето дали е правично во услови на голема невработеност да се организираат јавни работи за оние што се огрешиле спрема општеството наместо за армијата на оние кои и покрај сите проблеми останале чесни спрема заедницата. (Сулејманов, 2001)

Не би можеле да се согласиме со ваквото сфаќање, од причина што кај алтернативната мерка општокорисна работа во никој случај не станува збор за присилна работа. Имено, за извршување на општокорисната работа е неопходна согласност од сторителот на казненото дело. Неговата согласност е неопходна затоа што се смета дека работата заснована врз принуда, односно работата што осуденото лице ја одбива, би немала ниту смисла, ниту ефект. Воедно, како што наспоменавме и погоре, работата во корист на заедницата се извршува во слободното

време на сторителот. Дополнително, постојат бројни дејности во кои може да се извршуваат работи од јавен интерес, што во ниту еден случај не би им попречиле на оние лица кои се во потрага по работа.

Имајќи го предвид наведеното, можеме да констатираме дека предностите на алтернативната мерка општокорисна работа превладуваат врз нејзините недостатоците, односно врз критиките на истата.

## 5. Статистички податоци за видот и бројот на изречени алтернативни мерки во Македонија во периодот од 2018 до 2022 година

Заради добивање на поцелосна слика за примената на алтернативните мерки од страна на судовите во Македонија, во продолжение на трудот ќе ја прикажеме примената на алтернативните мерки од Кривичниот законик во временскиот период од 2018 до 2022 година.

Во овој дел од трудот прикажана е табела со бројот на осудени полнолетни лица според видот на изречените алтернативни мерки во наведениот петгодишен временски период.

Табела 1: Осудени полнолетни лица според видот на изречените алтернативни мерки во периодот од 2018 до 2022 година

| **Година** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Алтернативни мерки – вкупно** | 3454 | 2526 | 2927 | 3323 | 3383 |
| **Условна осуда затвор** | 3307 | 2412 | 2676 | 2990 | 3050 |
| **Условна осуда парична казна** | 108 | 72 | 215 | 218 | 146 |
| **Условна осуда со заштитен надзор** | - | - | 4 | 14 | 46 |
| **Условно прекинување на кривичната постапка** | - | - | - | - | - |
| **Општокорисна работа** | - | - | 2 | 42 | 91 |
| **Судска опомена** | 39 | 42 | 30 | 59 | 50 |
| **Куќен затвор** | - | - | - | - | - |

Извор: Државен завод за статистика

Од наведените статистички податоци, можеме да констатираме дека во периодот од 2018 до 2022 година од страна на македонските судови биле изречени вкупно 15.513 алтернативни мерки спрема осудени полнолетни лица сторители на казнени дела, од кои 14.435 или 93% биле условна осуда со која се заменува казна затвор. Во наведениот петгодишен временски период биле изречени вкупно 759 алтернативни мерки условна осуда со која се заменува парична казна. Алтернативната мерка условна осуда со заштитен надзор во истиот временски период била изречена вкупно спрема 64 осудени полнолетни лица сторители на казнени дела, а судска опомена била изречена спрема вкупно 220 осудени полнолетни лица сторители на казнени дела. Од страна на македонските судови во анализираниот временски период од 2018 до 2022 година воопшто не биле изречени алтернативните мерки условно прекинување на кривичната постапка и куќен затвор.

Алтернативната мерка општокорисна работа, која е предмет на анализа во овој труд, во периодот од 2018 до 2022 година од страна на македонските судови била изречена спрема вкупно 135 осудени полнолетни лица. Гледано по години, *изрекувањето на алтернативната мерка општокорисна работа бележи тренд на зголемување во периодот од 2020 до 2022 година.* Имено, во 2020 година, оваа алтернативна мерка била изречена само спрема двајца осудени полнолетни лица, во 2021 година била изречена спрема 42 осудени полнолетни лица, а во 2022 година била изречена спрема 91 осудено полнолетно лице.

**Заклучок**

Доколку сакаме да го подобриме македонскиот национален казнено-правен систем, како и да ја намалиме затворската популација во казнено-поправните установи во државата, потребно е со внимание да ги анализираме алтернативите на казната затвор и можностите кои истите тие ги нудат. Еден од начините да се постигнат тие цели е токму соодветна примена на алтернативните санкции и мерки.

Во оваа насока, можеме да констатираме дека алтернативната мерка општокорисна работа има очигледни предности и големо значење во казнено-правниот систем на државата од причини што е поевтина во споредба со казната затвор, не предизвикува депривации кај осуденото лице во споредба со кратките казни затвор, а истовремено овозможува општествената заедница активно да се вклучи при извршувањето на самата алтернативна мерка.

Сметаме дека судовите треба со должно внимание да обезбедат поголема примена на алтернативните мерки, особено на општокорисната работа, во случаите кога се исполнети законски пропишаните услови за нејзино изрекување. Имено, активната и правилна примена на општокорисната работа во случаите кога се работи за првопрестапници сторители на казнени дела од полесен вид овозможува најцелисходно постигнување на целите на казнувањето во споредба со кратките казни затвор.

Сосема на крај би можеле да подвлечеме дека од голема важност за секоја една држава е да има развиен систем за извршување на казнени санкции, во согласност со современите казнени и криминални политики на развиените држави. Всушност, начинот на постапување со сторителите на казнени дела е значаен тест за зрелоста и демократичноста на секоја една држава.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Picard, Sarah; Tallon, A. Jennifer; Lowry, Michela; Kralstein, Dana. (2019). *Court-Ordered Community Service: A National Perspective.* New York: Center for Court Innovation.

Кајзер, Гинтер. (1996). *Криминологија.* Скопје: Александрија.

Камбовски, Владо. (2011). *Казнено право – општ дел (четврто, изменето и дополнето издание).* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

Каневчев, Методија. (2017). Извршување на општокорисната работа и куќниот затвор според Законот за пробација, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, 24(1), 1-13. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

Лажетиќ-Бужаровска, Гордана. (2003). *Алтернативи за затворот.* Скопје: НИП Студентски збор.

Марјановиќ, Ѓорѓи; & Каневчев, Методија. (2016). *Македонско кривично право – општ дел (осмо, изменето и дополнето издание).* Скопје: Стоби Трејд.

Сулејманов, Зоран. (2001). *Криминална политика.* Скопје: Графохартија.

Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/1996);

Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 19/04);

Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014,

41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 36/2023 и 188/2023);
Закон за пробација („Службен весник на Република Македонија" бр. 226/2015);
Државен завод за статистика (МакСтат база на податоци). https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/